Сара М. Ајник

**Sarah M. Einik**





# Sarah M. Einik
## Сара М. Ајник

# МОЈОТ ШАТОР НА СВЕДОШТВОТО

---

# MY MISHKAAN

Museum of Contemporary Art, Skopje,
january, 2002

Музеј на современата уметност, Скопје,
јануари, 2002-



Изложбата што е пред Вас содржи експонати какви што ликовната публика во Скопје немала можност досега да види. Станува збор за еден особен вид уметност која излегува од европските традиции и само се допира до нив, чувајќи ја изворноста што ја негува авторката Сара М. Ајник. Таа е американска Еврејка, но потеклото и младоста и се нераскинливо сврзани за Израел. Историјата, традициите, културата и пејсажот на Израел извонредно ги познава, всушност Сара М. Ајник длабоко е проникната со изворните сокови на Израел и, се разбира, на јудаизмот и на Стариот завет.

Во исто време, таа со голем интерес ги следи културните траги на Евреите во дијаспората, дури и кога нејзините сонародници биле жртви на геноцидот во Втората светска војна. Сара ги иследува и традиционалните еврејски симболи но во симбиоза со локалната уметност на другите народи, на пример, романскиот, хрватскиот во чии средини живеела.

Сара М. Ајник студирала на ликовните академии во Израел и САД, но нејзините дела се стилски хомогени, тие доаѓаат од една јака личност, која многу добро знае дека само внесувањето на сопствен звук обезбедува место под сонце во ликовната уметност. За жал нам ни е многу малку познато ликовното создавање во Израел. Експонатите што се излагаат во Скопје поседуваат силна експресивност, и формална и содржинска, тие директно, без “естетизирање” се обраќаат кон посматрачот, тие го провоцираат бидејќи влегуваат во сржта на животот.

Симболите се препознатливи, но за авторката е значајна нивната взаемна поврзаност со заветот што се наоѓа во духовниот Ковчег што се чува во Шаторот на сведоштвата. Тие, по долгите талкања на еврејскиот народ се сместени во храмот на Соломон во Ерусалим и го чуваат споменот за Мојсеј, Давид за Визијата на Синај. Денес таа живее во Стариот завет кој е и општа, универзална придобивка на човештвото, а јудаизмот ја чува компактноста на Евреите бидејќи сугестивно го обележува менталитетот на поголемиот дел на овој народ.

Меѓу симболите врз експонатите ќе ги препознаете менорите, плочите на божјите наредби, афантираните животни и лавовите во движења како дел на старозаветната содржина. Јудаизмот не ја прифаќа антропоморфната доктрина во уметноста и од тој факт резултира отсуството на човечката фигура. Во христијанството Стариот завет се третира како префигурација (преобраз) на Новиот завет. Тој факт уште повеќе и овозможува на Сара М. Ајник да комуницира и со пораките на црковното сликарство во Македонија кое е исполнето со старозаветни теми. Меѓутоа, од сложената фигуративност и сижеа на нашиот стар живопис Сара М. Ајник го прифаќа тоа што е можно, крилјата на ангелите, херувимите и серафимите, на пример, од Свети Наум Охридски.

Изборот на техниките и апликациите во композицискиот склоп што е во функција на авторската порака, е неконвенционален. Присутни се елементи на чисто сликарство, пластика, текстил, метал и си живее во ликовна хомогеност. Внатрешната содржина соопштува духовни пораки за еден подвижен народ, соочен во историјата со пустината, но народ подготвен за предизвик и искушенија, со трајна верба и наде‘ дека виталноста и мудроста во конечниот исход ќе слават победа.

Приврзаноста кон татковината и јудаизмот кај Сара М. Ајник не се експлицитни или “транспарентни”, тие се спиритуално, но сугестивно присутни низ целата изложба. Овој потфат на Музејот за современа уметност ни---- даде извонредна прилика со експонатите на Сара М. Ајник да проговори уметност на еден свет што, по создавањето на своја модерна држава, малку го познаваме.

акад. проф. др.Цветан Грозданов



The exhibition in front of you shows works that the artistic public of Skopje has so far not seen. It is a special kind of art that while originating from the European traditions preserves as well the originality nurtured by the artist Sarah M. Einik. She is an American Jew, but her origin and her youth are strongly associated with Israel. The history, the traditions, the culture and the landscape of Israel are well known to her, actually, Sarah M. Einik is permeated by the original sources of Israel, and, of course, Judaism and the Old Testament.

At the same time, she follows the cultural traces of the Jews in the Diaspora with interest, even though her compatriots were the victims of genocide in the Second World War. Sarah also researches traditional Jewish symbols, but in symbiosis with the local art of other nations, like the Romanians, the Croats, in whose environment she lived.

Sarah M. Einik studied at art academies in Israel and USA, but her works are stylistically homogenous, they come from a strong personality who knows perfectly well that only the introduction of her own rhythm provides a place under the sun in the fine arts. Unfortunately, we know very little about artistic creation in Israel. The works she shows in Skopje have a strong formal and contextual expressiveness; they directly address and provoke the viewer, because they enter the essence of life.

The symbols are familiar, but what is important here is their mutual relation to the testament in the spiritual Chest that is kept in the Tent of Testimonies. After the long wandering of the Jewish people, these symbols keep alive the essence of the temple of Solomon in Jerusalem, and the memory of Moses, David, of Byzantium and Sinai. Today it lives in the Old Testament which is the general, the universal achievement of humankind. Judaism keeps the compactness of the Jews because it suggestively marks the mentality of most of it's people.

Among the symbols in the works you will recognize the menorah, the plates with God's Commandments, the animals and the lions in motion as part of the Old Testament stories. Judaism does not accept the anthropomorphic doctrine in art and from this fact stems the absence of human figures. In Christianity the Old Testament is treated as a refrigeration of the New Testament. That fact helps Sarah M. Einik even more to incorporate messages of church painting in Macedonia, which is full of Old Testament stories. Yet, of the complex figures and topics of our old paintings, Sarah M. Einik accepts only what is possible, the wings of the angels, the cherubs and seraphs, for example, from the monastery of Sveti Naum Ohridski.

The choice of the techniques and applications in the composition, which is functioning as an artistic message, is unconventional. There are elements of pure painting, plastic, fabric, metal and it all lives in an artistic homogeneity. The inner contents tell spiritual messages of a movable people faced with a history in the desert, but a people prepared for challenges and temptations, with a permanent faith and hope that vitality and the wisdom will finally result in victory.

The affection towards her homeland and Judaism is not explicit or "transparent", but is spiritually suggested through out the exhibition. This exhibition in the Museum of Contemporary Art gives us a perfect chance to see how Sarah M. Einik through her works speaks of the art of a world that, after creating its own modern country is still an art of which, we know very little.

academic dr. Cvetan Grozdanov





## Биографија

Сара Ајник е академски образован уметник кој по ангажманот во армијата дипломирала на уметничкиот колеџ Рамат Хашарон во Израел. Студирала и во САД и во Хрватска. Во текот на изминативе 15 години работела и излагала во САД, Хрватска, Румунија, Израел и Македонија. Во текот на овој период добила бројни награди на конкурси. Одржала неколку самостојни изложби, а учествувала и на групни изло'би. Во Румунија одржала самостојна изложба во Букурешт и Јаци и учествувала со своите дела на румунскиот штанд на франкфуртскиот саем на книги како и на изложбата на тридимензионални дела спонзорирана од ЕУ. Нејзините дела се вклучени во збирките на синагогите и еврејските музеи во САД и Румунија. Во Израел одржала самостојна изложба во зградата на Парламентот, а имала изложби и во галериите во Ерусалим и Тел Авив. Во март 2002. ќе одржи изложба во Фондацијата Елиас во Виена.

Сара е мажена за неодамна повлечениот амбасадор на САД, М. Мајкл Ајник. Има три деца, едното студира во САД, а другите две учат во Швајцарија. Ангажирана е во добротворни активности и е основач и прв претседател на "Пријателите на Народниот Музеј на Румунија", успешна невладина организација со огранoци во САД и Румунија. Таа организација ја помогна реконструкцијата и обновувањето на музејските галерии и збирки.

Делата на Сара следат една кохерентна патека во потрагата по религиозните и етничките корени низ Источна Европа и ги истражуваат овие содржини од Украина до Грција. Нејзините дела главно се фокусираат врз симболите што уметниците во одделни региони ги користат за да го објаснат своето потекло. Нејзините дела се единствени во начинот на кој таа го истражува вкрстувањето на овие симболи меѓу еврејската и христијанската култура во Европа и ги претставуваат тие икони на драматичен начин одразувајќи ги нејзините нагласени апстрактни и модерни стремежи.

SARAHMEINIK@HOTMAIL.COM

# Sarah M. Einik
## Сара М. Ајник

### Biography

Sarah Einik is an academically trained artist who after a career in the military graduated from the Israeli Ramath Hasharon Art College. She has also studied in the U.S. and Croatia. Over the past 15 years, she has worked and exhibited in The USA, Croatia, Romania, Israel and Macedonia. During this period she has won numerous awards in competitions. She has held several solo exhibits as well as participated in group events. In Romania, she has had one woman exhibits in both Bucharest and Iasi and participated with her work at the Romanian exhibit at the Frankfurt book-fair as well as in an EU sponsored show on 3 dimensional works. Her works are included in collections of synagogues and Jewish Museums in both the US and Romania. In Israel, she has had a solo show in the Israeli parliament as well as in galleries in Jerusalem and Tel Aviv. She also has a scheduled show for March 2002 at the Elias Foundation in Vienna.

Sarah is married to a recently retired US Ambassador M. Michael Einik. She has 3 children, 1 in university in the US and 2 in school in Switzerland. She is also involved in philanthropic activities and is the founder and first president of the "Friends of the National Museum of Art of Romania," a successful NGO with branches in the United States and Romania. The group has supported the reconstruction and renovation of the Museum's galleries and collections.

Sarah's work follows a coherent path tracing her religious and ethnic routes through Eastern Europe and has explored these themes from the Ukraine to Greece. Her work focuses predominantly on the symbols used by artisans in the region to express their heritage. Her work is unique in that she explores the crossing of these symbols between the Jewish and Christian cultures of Europe and represents these icons in a dramatic way reflecting her strong abstract and modern artistic routes.







Растурена енергија
Energy Dispenced



Тен Сифот / Дрво на животот
Ten Sfirot / The tree of life



Поетски ротулуси

Poetic Scrolles



Менора Загоркин

Zagorkin Menorah



Кедуш / Светост
Kedushah / Holiness



Лавови Ташковски
Tashkovski Lions



Хошен / апликација
Hoshen / breast plate



Човечки лавови
Human Lions

*Издавач*: Музеј на современата уметност, Скопје, 2001
*За издавачот*: М-р Емил Алексиев, директор
*Автор на проектот*: Јован Шумковски
*Автор на текстот во предговорот*: акад. др. Цветан Грозданов
*Ликовно обликување*: Јован Шумковски
*Фотографии*: Станко Неделковски
*Превод на англиски*: Маја Иванова
*Печат*: Скенпоинт, Скопје
*Тира*: 600

*Published by*: Museum of Contemporary Art, Skopje,
Macedonia, 2001
*For the Publisher*: M-r Emil Aleksiev, director
*Author of the project*: Jovan Sumkovski
*Text by academic dr*. Cvetan Grozdanov
*Layout*: Jovan Sumkovski
*Photographs*: Stanko Nedelkovski
*Translated into English*: Maja Ivanova
*Printed by*: Skenpoint, Skopje,
*600 copies*

***Copyrights:*** Museum of Contemporary Art, Skopje

Проектот е финансиран од
Министерството за култура на Република Македонија

This project is financed by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

ISBN 9989-703-39-6



MUSEUMOFCO
NTEMPORARY
ARTSKOPJEM
УЗЕЈНАСОВР
ЕМЕНАТАУМЕ
ТНОСТСКОПЈЕ

